**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21. 11. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5062 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по поднесена Претставка бр. 03-15 од 12.11.2018 година

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** Емисијата „Мода со Сергеј Варошлија" од 22 и 30 октомври и од 08 ноември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 ноември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** Известување за констатации од програмски надзор УПП бр. 03-12 од 12.09.2018 година со укажување за прекршување на начелото од **член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

7. **Констатации од надзорот:**

Во емисијата „Мода со Сергеј Варошлија", емитувана на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 22 и 30 октомври и на 08 ноември 2018 година, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста**, односно на **член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

Во Претставката поднесена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се приговара на повеќе елементи од емисијата „Мода со Сергеј Варошлија" кои се однесуваат на Елена Стефановска, водителката на емисијата „Живот со стил" што се емитува на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на државно ниво, и тоа:

- *Тенденциозно нарушување на угледот на водителката;*

- *Се дава модна критика без тоа лично да го побара водителката која е предмет на критика;*
- *Се отстапува поголем простор за критика на водителката, споредено со другите личности, што според Претставката може да говори за предумисла;*
- *Се користат навредливи зборови и со тоа се нарушува рејтингот на водителката и на нејзината емисија која се емитува на друг национален медиум, што подносителката го разбира како мотивирано од конкурентски причини.*

Со вонредниот надзор беше констатирано дека емисијата „Мода со Сергеј Варошлија", за разлика од претходниот надзор кога претставуваше засебен дел од програмскиот појас од актуелно-информативната програма „Студио 1" на 1 ТВ, е дообликувана во посебна емисија со забавна содржина, која е издвоена со посебна најавна и одјавна шпица.

Во врска со претходно констатираното неовластено и недозволено користење фотографии прибавени од Интернет, односно од социјалните мрежи, сега Телевизијата пред, најавната шпица, емитува телоп во кој посочува да се прочитаат политиките за приватност на Фејсбук и Инстаграм, со што сака да се огради од одговорност за нивното преземање, и покрај тоа што беше јасно посочено во претходниот писмен извештај дека не може да се преземаат содржини од Интернет и да се пренесуваат без соодветна обработка на друг медиум, во случајов на телевизија.

Точно е тврдењето од Претставката дека во повеќе изданија на „Мода со Сергеј Варошлија" емитувана на 1 ТВ, водителот го анализира изгледот и облекувањето на Елена Стефановска, водителка на емисијата „Живот со стил" која се емитува на ТВ 24 Вести.

Водителот на емисијата Сергеј Варошлија, покрај случајните минувачи, во емисијата од 22.10.2018 година (емитувана од 18:59 до 19:37) ги коментира стиловите на неколку јавни личности: пратеничката Даниела Рангелова, пејачката Пепа Димитрова и водителката Елена Стефановска:

*„Да, многу ја баравте да ја коментирам и еве ја. Елена –* ***живот без стил****, така љубат некои да ја кажат. Зошто е без стил? Затоа што лута и се бара самата себеси. Кај неа имаме некоја промена, она се труди да го минимализира нејзиниот изглед и да го доведе до некоја линија на вкусност... Меѓутоа, косата нека биде помазна, нема потреба да се шири главата и да* ***изгледа како alien****, нема потреба од нереален изглед, толкави очи, стробирани јагодици, таква уста, затоа што изгледа малку уплашена. Овде она изгледа* ***јаукнато****, драги гледачи".*

На друга фотографија на Елена Стефановска коментира: *„Овде што е работата, ќе ја рекламирам колата? Па, ако треба вака да ми продадат кола, никад нема да купам, дури и гратис ако ми ја дадат бидејќи ќе мислам дека ќе ми го тутнат тоа тигресто корсетче, зошто ќе мислам дека ќе ми го дадат тоа кожно сукњиче и тие ужасни чизмички -* ***радиоктивни****. Тој изглед - аут. Вака кола не се рекламира, на таков пат, во ваков стајлинг, не! Ова проаѓаше кон крајот на деведесеттите години".*

На следната фотографија на Елена Стефановска: *„Еве го моментот: кафана, Еве го моментот: старлета да будем, еве го моментот: да се покажам себеси, ама да така сум малце слатка. Немам јас проблем што Елена сака да биде атрактивна и слатка. Тука имаме тешка модна катастрофа. Тоа фустанче искомбинирано со такви сандали, тоа е најтешка модна катастрофа. Фустанот е многу лош, должината на фустанот уште полоша, деколтето ужасно и* ***радиоактивните*** *чевли се ужасни. Колку ќе беше подобро барем да имаше беж салонки, или да*

*имаше некој „њуд“ доле, во некои фини сандали, отколку вака да се појавеше седната на бар, на шанк, како* ***певаљка*** *пред работа. Како да сака да пее: Нишка бања – топла вода“.*

Водителот продолжува да коментира на следната фотографија на Елена Стефановска со друга девојка: *„Овде се* ***сестрите на Пепелашка во мултиколор!“***

И продолжува на следната фотографија: *„Овде ќе оди на пат за Европа, ќе те вратат од Европа бидејќи си* ***облечена во кеса за ѓубре****“.*

Во емисијата емитувана на 30.10.2018 (од 18:58 до 19:30), Сергеј Варошлија коментира фотографија од емисијата „Живот со стил“, во која водителката Елена Стефановска прави интервју со Сара Мејс. Дел од коментарите гласат:

*„...А што е со Елена -* ***„Живот без стил“?*** *Дали Елена -„Живот без стил“* ***има на главата гнездо?*** *Дали Елена -„Живот без стил“ на главата има* ***кошница плетена*** *за „Велигден“, за „Божик“? Дали Елена -„Живот без стил“ на главата има онаа погача, што ја викаат плетенка, ама малце се* ***расќуфтала, врапци ја колвале, змии ја касале, тука косата ја парчосале пилиња, ја тргале како слама, сламарица****, катастрофа ја направиле? И при тоа си ја постирала самата себеси оваа фотографија не обраќајќи внимание дека од позади она изгледа* ***уќуфтосано!*** *Изгледа како да има кошница на глава,* ***кошница распадната од деветнаести век.*** *Тоа е аут!“*

Дел од коментарите во емисијата емитувана на 08.11.2018 година (од 19:00 до 19:32) се недолични и може да бидат навредливи, а се насочени кон Елена Стефановска:

*„Леле драги гледачи, Елена „живот без стил“ повторно со* ***пржена коса****, со* ***метастази*** *на коса, вака да ми простите. Погледнете ја како се облекла како да ја избркале од дома и се сликала у маркет... веројатно атмосферата ја потсека на некоја нејзина автентичност, вероватно затоа што ѝ личи да сади и да бере моркови, многу повеќе отколку што ѝ личи да се занимава со мода... ако треба да си блогер и инфлуенсер, тогаш оди на расадници и сади шаргарепи, копај, со* ***тоа штиклите прави колци за патлиџани.*** *Заради што ова вероватно многу добро ти оди, па можеби од земјоделието еден ден ќе стане модно освестено како тебе!... Па добро девојче, отвори тезга, не се бави со оваа работа, верувам многу подобро ќе ти оди!“*

Надзорот покажа дека се основани наводите од Претставката според кои во овие изданија на „Мода со Сергеј Варошлија“ се застапени непристојни коментари, недолични описи, јавно изложување на подбив, погрдна експресивна лексика и говор кој може да биде сметан за навредлив, а кој се однесува на физичкиот изглед, заземените пози за фотографирање, облеката, шминката, фризурата. Однесувањето и комуникацијата на овој начин се спротивни на начелото за заштита на достоинството на личноста и се непримерни за јавна комуникација преку телевизија. Остануваат индициите дека во емисијата се прекршуваат правилата за користење на лични податоци за што е надлежна Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Посочуваме дека подносителката на претставката може да го користи правото на одговор и исправка или да покрене граѓанска постапка за навреда пред надлежниот суд. Воедно, бидејќи се работи за прашања кои се однесуваат на професионалните новинарски стандарди, може да се обрати и до Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија и до Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ).

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**8. Опис на прекршувањето:**

Во изданијата на емисијата „Мода со Сергеј Варошлија“ емитувани на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 22 и 30 октомври и на 08 ноември 2018 година, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста**, односно на **член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

**9. Предлог - мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, дека во изданијата на емисијата „Мода со Сергеј Варошлија“ емитувани на 22 и 30 октомври и на 08 ноември 2018 го прекрши начелото од **член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

***Сектор за програмски работи***